Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-18 /3
24-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-520/1 од 29.09.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје против лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.03.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основ на етничка припадност сторено од страна на [redacted] од Скопје во областа на јавно информирање и медиуми кон граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 29.09.2022 година е доставена претставка бр. 08-520/1 од страна на [redacted] преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на етничка припадност во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK" врз граѓани на Р. С. Македонија со бугарско национално самосознание од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје.

Имено, подносителот навел дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK" на сопствената фан страна во неколку наврати направил повеќе објави со кои според подносителот на претставката, именуваниот сторил директна повторена дискриминација во смисла на член 8 став 1, а во врска со член 4 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, кон граѓани на Р. С. Македонија со бугарско национално самосознание. Со таквите објави, според подносителот, лицето [redacted] ги дерогирал одредбите за заштита на основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот на РСМ, меѓународните правни акти ратификувани од Собранието на РСМ кои се однесуваат на слободно изразување на националната етничка припадност, како што се: Европската конвенција за човекови права,

Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.

Во претставката се наведува дека лицето [redacted] на 01.07.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„СИ ОСТАНАА ПРОСТИ!
Бугарите, бугарашите, бугарофилите... никако да разберат дека "францускoто решение" создава ТРАЈНО НЕПРИЈАТЕЛСТВО помеѓу Македонците и Бугарите!
Секој кој посакува помирување, пријателство, добрососедство, соработка... помеѓу Македонците и Бугарите, ќе застане силно против "француската стапица"!
Можам да напишам 10 книги зошто е тоа така... ама ако некој тоа не го разбрал до сега, сите 10 да ги прочита, пак нема да разбере!
Така да... најубаво да си останете прости!
Сведочам, но перам раце... Понтиј Пилат!".

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02tS3e7EGDDVQp4YuuUJevf1gLaihaoCiBRRMt1sWg3n8eyMuTUx1QAiSuGUdZENCj1&id=100044618371017.

Истиот, на 02.07.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„СМРТ ЗА ЖИВКОВИЗМОТ!
СЛОБОДА ЗА МАКЕДОНИЈА!
Македонската култура е изворна и автентична, а бугарскиот живковизам е најголемото *омно на Русија и Коминтерната!
НИЕ СЕ БОРИМЕ за вистинска интеграција во ЕУ!
НИЕ СЕ БОТИМЕ против руското *омно живковизмот!
МОЖЕМЕ ПОИНАКУ ВО ЕУ!
#можемепоинаку
#МКонцепт".

Во прилог на објавата и видео преземено од интернет порталот [redacted] со наслов „ЖИВКОВИСКАТА [redacted] Нема нов француски предлог, БУГАРИЈА доби што сакаше".

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0jnVbxjSkZR9P9wZmF6ZqbAn4qZow5mkEb8uVYNfa1HSmMJkVLcVFKQBhGssfTc7N1&id=100044618371017.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Именуваниот, на 11.07.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK“ објавил:

„ПРОСТОТИЈАТА НА “БУГАРИТЕ” во МК
(за последен пат)
Во Македонија постојат граѓани кои себе си се идентификуваат како Бугари (бизнис, брачни и др. причини доселени во МК), македонски Бугари (зачувале семеен или стекнале личен идентитет, оставштина од ВМРО на Михајлов), професионални Бугари (парично мотивирани од Краси), бугараши удбаши (на платен список на УДБА), бугарофили (не знаат што се) и бугарски Македонци (прифаќаат граѓански концепт на мак нација).
Сите тие имаат иста мака, влегуваат во филмот да се докажуваат кој од кого е поголем Бугарин и редовно се тепаат помеѓу себе. Исклучок се вистинските Бугари кои немаат потреба од никакво докажување и бугарските Македонци, кои се современици на 21ви век.
Во таа нивна битка во докажување, се изградија две генерални позиции:
1. Македонски Бугари беа против Рамковата позиција на БГ, која ја сметаа за руски проект во интерес на Белград!
2. Професионалните Бугари и бугараши удбаши кои ја “обичаа” истата таа Рамкова позиција на БГ!
Сега ни доаѓа “френското предложение” кое е дефакто и дејуре продолжеток или препис на истата таа Рамкова позиција на БГ!
Само што сега внимавајте... првите се ЗА француски предлог, а вторите се ПРОТИВ француски предлог, што значи промена на ставовите и на едни и на други за 180*!
Секако, и тогаш и сега правилен став е НЕ за Рамковата позиција / француски предлог!
И тоа не го прават поради некои стратегии или разбирања, туку зашто се шутраци кои живеат од пуст бугарски инат, упорно се докажуваат кои се поголеми Бугари, а не се ниту едни, ниту други, а подеднакво двете структури им штетат на македонско - бугарските односи!
И додека тие се расправаат за тоа “кој е поголем Бугарин (читај шутрак)”, Македонија и ЕУ со ваквото “френско гомно” стануваат заложници на овие будалетинки!
Е тоа е ГОЛЕМА ПРИЧИНА зошто сите треба да дадеме едно ОГРОМНО НЕ на оваа руска направија виа Франција!
Овие може да продолжат да живеат во 19ти век, но ние немаме намера да отстапиме од 21ви век!
ПОВТОРНО: Решение за бугарското прашање во Македонија е граѓански Устав, според кој сите горенаведени ќе бидат Македонци од бугарско потекло, со што се затвораат и сите негаторски политики од минатото!
Ако ЕУ ни нуди враќање во 19ти век со францускиот предлог, треба да кажеме НЕ и да им покажеме дека забегале!
Ако ЕУ ни нуди 21ви век, тогаш да се зафатиме за работа и да завршиме веќе еднаш ова патешествие од 30 години!
Јас кажав, а сега вие си знаете🖤“.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid0KPrPYVu5PhgJyjvUh3rLryAUdLsoiK2p24Ljeq6CSR4mjrojxzdsK5ToCbpM3LNs1&id=100044618371017.

На 15.07.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK“ истиот објавил:

„КОДОШИ
Секогаш кодошите станувале УДБАШИ или БУГАРАШИ по потреба!
Доаѓа Србија... тие први удбаши!
Доаѓа Бугарија... тие први бугараши!
Сега имаме уникатна состојба... ако до пред 3 месеци имаше околу 50 бугараши удбаши во Македонија, сега сите чеда на Зајкота се накотија и преку 100.000 удбаши станаа и бугараши во земјава!
И тоа да не ве чуди, не е прв пат!
Во 1941 година токму ЛЕВИЧАРИТЕ “удбаши” формирале Акциони комитети - бугараши и ја пречекувале бугарската “административна” армија со цвеќиња низ Македонија!
Сега е истото!
Левичарите “зајковисти / тачисти” познати удбаши во земјава веќе 80 години, формираат Акциони комитети - бугараши, за да пречекаат ново бугарско “ослободување”!
Еве ја имаме таа чест во 2022 година да ни се повтори 1941/2 година и лично со свои очи да видиме што е тоа бугараш - удбаш!
Инаку да знаете и во 1941 и во 2022 година, ние ДЕСНИТЕ не сме прифатиле бугарско “ослободување”!!!
Секогаш ВЕРНИ НА КАУЗАТА “Македонија на Македонците”, остануваме да се бориме до последен!
И тогаш не суделе за злостор “барале независна Македонија со Америка и Енглеска” и сега не судат за истото!
Ама отстапка нема! Одиме до крај!
ЗА МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ✊
од децата на ИЛИНДЕН!
#можемепоинаку
#мконцепт“.

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid027VeNVMdg2Ha2Wbqx1Mn4KNTHKbKU61BKDjjwH67NFhyYGGwwk4mLNEPrYLryQisq1&id=100044618371017.

Понатаму, именуваниот на 27.07.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK“ објавил:

„СЕМКА СКАПАНА!!!
Од што семка се направени тоа гнидите демек "маЌедонЧиња", што бараат ние Македонците да сме се извинеле за ДЕПОРТАЦИЈА НА ЕВРЕИ, која ја организирале, платиле и спроведиле Бугарите?!?
Тука ви доставувам оригинален документ, со кој го докажувам моето тврдење дека официјална Бугарија, организирала, платила и спроведила депортација на македонските Евреи до логорите на смртта!
Што ќе приложат како доказ тоа шушумигите одродени?!?
МАКЕДОНИЈА се оддолжи на своите граѓани Евреи со изградба на еден од најголемите Музеи на Холокаустот во светот, токму тука во Скопје!
Сега БУГАРИЈА нека изгради Музеј на жртвите кои ги уби со своја сопствена рака!
А ние по дома треба да се расчистиме со одродите кои бараат ние да ја преземеме вината за Бугарија и ние да носиме историски срам!
По гнасен ВРХОВИЗАМ од ова НЕМАЛО НИТУ ЌЕ ИМА!
ГНАСИ!".

Во прилог на објавата прикачена слика од наводен историски документ визуелно видно на бугарски јазик датиран од 13.10.1943 година.

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02AMDPnN3crzdRGRyKvQJNyqe5T3HfLhScvJ4NfFu7tMmVqn1GWrTi13rJZgxoht8SI&id=100044618371017.

Истиот, на 06.08.2022 година на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" споделил линк и објавил содржина:

„БУГАРСКИ „ДИПЛОМАТИ" во Македонија!
Република Македонија треба сериозно да размисли за „прочистување" на бугарските дипломати во земјава!
Пред се мислам на воените претставници и амбасадорот, кои се поттрчковци на господинот Красимир Каракачанов, но и на конзуларните претставници, пред се во Битола, кои се познати шиткачи на бугарски пасоши!
Бугарија се меша во внатрешните работи на Македонија, пред се со барањето на промена на Устав, но и со недозволени политички и разознавачки активности на нејзините „дипломати"!
На тоа мора да ставиме КРАЈ!".

Во прилог на објавата споделен линк од интернет портал [redacted] од објава со наслов „РУСИЈА ги избрка БУГАРИТЕ од Москва, Петровград и Катеринград".

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=595084465322161&id=100044618371017.

Комисијата на 17.10.2022 година со Барање за доуредување бр. 08-520/2 се обрати до подносителот на претставката, истакнувајќи дека од приложените интернет врски до наведените објави, не може да се пристапи и да се увидат спорните објави и побара од подносителот во согласност со член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока на тоа да се обезбедат функционални линкови до објавите, како и соодветни докази во вид на фото-материјали од кои ќе може да се увидат објавите од фан страната на потенцијалниот дискриминатор.

Подносителот на претставката со Поднесок заведен под бр. 08-520/3 во однос на горенаведеното Барање, достави одговор до Комисијата со приложени функционални линкови, како и копии од фотографии од направените објави.

Комисијата со Барање бр. 08-520/2 на 12.12.2022 година, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја достави претставката до лицето [redacted] против кого е поднесена истата, за да се изјасни за наводите содржани во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Лицето [redacted] на 23.12.2022 година достави Одговор бр. 08-520/5 со кој се изјасни за наводите во претставката. Во доставениот Одговор, именуваниот во однос на претставката наведува дека „со индигнација и во целост ја отфрлам и останувам на моите лични и политички убедувања, како граѓанин на Македонија, етнички Македонец, професионалец, истражувач, автор, колумнист и на крај како политичар.“. Понатаму, тој наведува дека во смисла на наведените членови од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно членот 8 став 1 и членот 4 став 1 точка 11, не може да се смета дека со објавите е сторена дискриминација, од причини што подносителот не навел во претставката каде тоа тој постапувал, во која постапка и во име на која институција тој сторил дискриминација, односно продолжена дискриминација, бидејќи според него подносителот веројатно мислел на континуираното објавување на историска вистина, која според него не им се допаѓала на „избугарените шовинисти“, а притоа не прецизирал на кој начин дискриминацијата воопшто настанала. Во Одговорот се наведува дека недостасува материјалниот елемент на дискриминацијата, за што Комисијата треба да појасни во што се состои дискриминацијата, односно според него спорно е која е фактичката состојба која укажува дека одредена група на лица имаат помалку права или не можат да остварат одредени права заради неговите написи.
Понатаму, тој наведува дека не можел во никој случај да дерогирал одредби за заштита на човековите права, бидејќи тој не е институција која ги носи истите, туку дека е физичко лице кое изнесува свое мислење и дека неговото пишување не довело до помали права како што пишува „избугарени шовинисти во однос на другите граѓани, ниту пак им ускратило можност да си ги практикуваат своите права“. Спротивно на тоа, според него како што наведува „постои очигледна намера од нивна страна за

ограничување на правото на мислење и правото на изразување и посебно споделувањето на информации кои се од значење за Македонците од македонската етничка заедница.“. Во Одговорот се наведува и тоа дека подносителот на претставката намерно ги изоставувал слики преку кои се споделувале фототипни оригинални документи за постоење на македноски народ, држава и јазик, со цел како што е наведено да се манипулира со Комисијата. Именуваниот во Одговорот наведува дека од причини што тој е лидер на политичка партија, претставката претставува директен обид за замолчување на опозициски политичари, цензура врз слободата на говор и убедувања, право јавно да ги изнесе политичките ставови, што според него е спротивно на македонскиот Устав и меѓународните акти. Дополнително тој во Одговорот истакнува дека постапките по вакви претставки е „директна последица на антимакедонската политика на заевизмот, во Македонија да се прогонуваат Македонци како за време на фашистичката окупација од 1941-44 година, поради спомнување на македонски народ, македонски јазик, АСНОМ или навивање за македонска фудбалска репрезентација“, за што според него тоа се случува со „помош на антимакедонската Влада која не управува“. На крајот тој наведува дека очекува Комисијата во целост да ја отфрли претставката, како и во објаснувањето за тоа Комисијата да истакне дека не може да стане збор за дискриминација на македонски граѓани од бугарска етничка припадност, затоа што во неговите написи тој не зборува за нив, туку за бугарската држава и нејзините активности преку како што наведува „избугарени шовинисти во земјава и странство, координирани од антидржавни служби“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот Закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 8 став 1 пак, од наведениот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Повторена дискриминација, согласно член 4 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи.

Согласно член 10 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката, како и содржината на направените објави и наводите во изјаснувањето на лицето против кого е поднесена претставката го утврди следното:

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстовите од објавите, утврди дека речиси сите текстови се објавени во контекст на политички настани и случувања во даден период или пак во релација на историски настани, во форма и смисла на критика и сопствен став кон истите. Објавите најчесто имплицитно, се однесуваат на јавни личности или други лица од актуелната политичка сцена во државата, како носители на функции или на друг начин вклучени во политичките процеси, како и на одредени политички настани или процеси поврзани со или како резултат на надворешната политика, а исто така и на групи на лица, релативно засегнати од или на претпоставен начин вклучени во наведените процеси, низ призмата на сопствено мислење и критичкиот став на авторот на таквите објави. Дел од текстовите пак, како такви не се насочени кон однапред определена група на лица врз основа на дискриминаторските основи наведени во претставката. Истите немаат за цел да омаловажат или создадат заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон група на лица, односно граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание, или пак воопшто на група на лица по етничка припадност Бугари, туку истите се објавени во смисла на политичка критика опфаќајќи група на лица кои би се идентификувале со други заштитени карактеристики.

Оттука, Комисијата утврди дека така објавените текстови, првенствено не претставуваат дискриминација, односно директна дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што објавите со таквата содржина и форма не можат да се третираат како дејствија на сторување, односно разликување, исклучување, ограничување или давање првенство на дискриминаторска основа кои имаат за цел спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на група на лица на еднаква основа со други. Дотолку што, таквите објави не можат да се сметаат за поповолно, односно понеповолно постапување со една група на лица во однос на друга група на лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа во смисла на член 8 став 1 од горенаведениот Закон, со што би се исполнило битието на поимот дискриминација, односно директна дискриминација.

Понатаму во однос на горенаведеното, Комисијата утврди и дека речиси сите од спорните објави не претставуваат вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно дека не се исполнува

битието на поимот вознемирување согласно дефиницијата утврдена во наведениот член од Законот.

Сепак, Комисијата анализирајќи го текстот на објавата со наслов „ПРОСТОТИЈАТА НА "БУГАРИТЕ" во МК направена на 11.07.2022 година од сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" на лицето [redacted] утврди елементи на вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, според Комисијата користењето на наративот во самата објава со кој се придодаваат одредени класификации и епитети на определена група или групи на лица, влијае на чувството на припадност кон одредена етничка заедница или доведува или може да доведе до повреда на достоинството на истите. Со класифицирањето и поделбата на лицата, дефинирајќи ги со служење на епитети разни групи на лица, како во случајот пред се на „професионални Бугари, бугараши удбаши, бугарофили", посебно на „професионални Бугари (парично мотивирани од Краси), бугараши удбаши (на платен список на УДБА)", директно се таргетира чувството на припадност на одредена група на лица, имплицирајќи постоење на одреден мотив, како даден услов според авторот, за идентификување на тие лица со одредена заедница врз основ на етничка припадност. Иако, Комисијата во предвид ја има целосната содржина на објавата и нејзиниот политички контекст и имплицитност за одреден актуелен политички настан или процес, сепак користењето на наратив од овој вид, пред се доколку на ист начин воспоставен и практикуван во континуитет, предизвикува повреда на достоинството и може да создаде чувство на омраза, односно непријателска и понижувачка средина, пристап или практика за определена група на лица.

Комисијата го ценеше и фактот дека ваквата објава на текст со вознемирувачка содржина е направена на фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" која брои околу 45 илјади следбеници.

Дополнително на тоа, Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, истото да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено на наведеното, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да

биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.
Во таа смисла, горенаведениот објавен текст, пред се имајќи го во предвид користениот наратив, несомнено претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што се повредува достоинството и се создава понижувачка и непријателска средина за оваа група на лица.
Согласно истиот Закон, вознемирувањето е определено како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.
Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството, односно елиминирањето на понижувачката и непријателска средина за оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така објавениот текст да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истиот да биде ограничен и санкциониран во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права, а согласно праксата на Европскиот суд за човекови права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.) Дотолку што таквиот текст е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.
Дополнително на наведеното, Европскиот суд за човекови права востановил дека иако според член 10 став 2 од Конвенцијата постои мал опсег за ограничувања на политичкиот говор или на дебата за прашања од јавен интерес, на државите вообичаено им е достапна поширока маргина на вреднување кога ја регулираат слободата на изразување во врска со прашања кои можат да ги навредат интимните лични убедувања (Wingrove v. the United Kingdom 17419/90, Lindon, Otchakovsky-Laurens and July v. France 21279/02 и 36448/02). Следствено на тоа, според Судот еден од клучните фактори во оценката на изјави е и политичката или социјалната позадина против кои се дадени одредени изјави, меѓу кои на пр. односи со национални малцинства како во случајот на Balsyte-Lideikiene v. Lithuania 72596/01.

Оттука, Комисијата согласно горенаведеното ценеше дека нејзината одлука е во линија со воспоставената пракса на Европскиот суд за човекови права без притоа, истата да претставува повреда на слободите и правата поврзани со говорот, мислата и изразувањето.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на донесеното мислење, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната:

ПРЕПОРАКА

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицето [redacted], со адреса на живеење на [redacted], во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето да го избрише објавениот текст од 11.07.2022 година со наслов „„ПРОСТОТИЈАТА НА "БУГАРИТЕ" во МК" на сопствената фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" и за истото да ја извести Комисијата

2. Се препорачува лицето [redacted] во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето преку својата фан страна на социјалната мрежа „FACEBOOK" да се извини на припадниците на бугарската заедница и за истото да ја извести Комисијата.

3. Се препорачува лицето [redacted] во иднина да се воздржи од вакви објави во било кој медиум и во било кој формат.

НАПОМЕНА: Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација,
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*
1. [redacted]
2. [redacted]е
3. *Архива на Комисијата*